Правилник за поблиските услови за увоз, формата, содржината и начинот на водење на регистарот на увозници на ѓубрива

Службен В. на Р.М. бр: 41/2011 од 01.04.2011

Влегува во сила на: 02.04.2011

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 24 став 4 од Законот за ѓубрива ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе.

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА УВОЗ, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ЃУБРИВА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за увоз, формата, содржината и начинот на водење на регистарот на увозници на ѓубрива.

### Член 2

Поблиски услови за увоз на ѓубрива се:
-увозникот да е запишан во регистарот на увозници на ѓубрива и
-ѓубрето да е запишано во регистар на ѓубрива.

### Член 3

Регистарот на увозници на ѓубрива се води во електронска и пишана форма.
Регистарот се води во книга со тврди корици на евиденциски листови во бела боја со формат А3 кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.
На предната страна на книгата со златна боја е втиснат грбот на Република Македонија, а под него се впишани зборовите: Република Македонија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Фитосанитарна управа; Регистар на увозници на ѓубрива.
Образецот на регистарот на увозници на ѓубрива е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

### Член 4

Регистарот на увозници на ѓубрива ги содржи следните податоци:
1. Идентификациски број на правното лице-увозник;
2. Назив на правното лице-увозник;
3. Единствен даночен број на правното лице-увозник;
4. (БДС) број на деловниот субјект;
5. Седиште и адреса на правното лице увозник;
6. Адреса на објектот на увозникот;
7. Датум и архивски број на решението за упис во Регистарот на увозници.;
8. Датум и број на решението за упис во Регистарот на увозници, издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство- Фитосанитарна управа;
9. Други потребни податоци;
10. Промени и
11. Забелешки.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр.17-323/5 Министер за земјоделство, март 2011 година шумарство и водостопанство, Скопје Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА

**РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ЃУБРИЊА**

МИНИСТЕРСТВО

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Забелешки | | | | |
| 10 | Промени | | | | |
| | Други потребни | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | податоци | | | | | |
| 8 | Датум и број на решението за упис во регистарот на увозници издадено од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа | | | | | |
| 7 | Датум и архивски број на решението за упис во регистарот на увозници | | | | | |

РЕГИСТАР

| 3 | 4 | 5 | 6 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Единствен даночен број на правното лице-увозник | (БДС) број на деловниот субјект | Седиште и адреса на правното лице-увозник | Адреса на објектот на увозникот | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 2 | Назив на правното лице-увозник | | | | |
| 1 | Идентификациски број на правното лице-увозник | | | | |